**Еден од нас лаже - Карен М. Мекманус**

Објавено од Слободан Пачовски
Вторник, 23 Февруари 2021 12:10




Можете ли да го откриете убиецот?
На дополнителна настава како казна затоа што носеле мобилни телефони на часот се повикани петмина ученици: паметната и вредна Бронвин која треба да го продолжи школувањето на Јејл; Ади, типична убавица и совршена девојка на Џејк; Купер, играч на бејзбол со голема спортска кариера на повидик; младиот престапник Нејт кој е на условна казна и Сајмон, одметник и основач на блог во кој ги открива тајните на своите соученици.

Но кога од училницата живи ќе излезат само четворица, се отвора кругот на присилни пријателства, тајни и разоткривања – сè со цел да се пронајде убиецот на Сајмон. Наивната приказна се претвора во застрашувачки и напнат трилер. Тркалото на вистината полека се врти – соочување со сопствените стравови, храброст да се признае личната вина и да се открие чуваната тајна под притисокот на созревањето.
Сите кријат нешто од очите на јавноста. Прашање е на што сè е подготвен секој од нив за да ја сочува сопствената тајна.